# Несакани ефекти од трансфузија на крв во дневната трансфузиолошка болница при ЈЗУ „Општа болница„ во Штип

Камчев Н. Витларова Ј. Камчева Г. Камчева М. Величкова Н.
РЕ Трансфузиологија, Општа болница-Штип, Р.Македонија

## ВОВЕД И ЦЕЛ

Несаканите ефекти од трансфузија на крв се поделени во две групи: рани, во кои спаѓаат-фебрилни реакции, алергиски реакции, акутни хемолитични реакции, бактериска контаминација, TRALI, волуменско оптоварување, хипотермија и цитратна токсичност и ефектот на калиумот, одложени и долгорочни несакани ефекти од трансфузија на крв во кои спаѓаат-одложена хемолитична реакција, алоимунизација (кон еритроцити, тромбоцити, леукоцити), GvHD како резултат на трансфузија, имуномодулаторни ефекти, акумулација на железо и пренос на инфективни заболувања.

Да се прикажат несаканите ефекти од трансфузија на крв во изминатите 10 години кај пациенти трансфундирани во Дневната трансфузиолошка болница во Штип

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Во РЕ трансфузиологија се бележи и анализира секоја несакана појава поврзана со прибирањето, скрингот, процесирањето, чувањето, дистрибуцијата и трансфузијата на крв и крвни продукти кај дарителот и примателот.

Во дневната трансфузиолошка болница, како оддел на РЕ трансфузиологија се трансфундираат болни со тешка патологија, најчесто пациенти со неоплазми и секундарна анемија. Несаканите реакции од трансфузија на крв се следат повеќе години, Ги прикажуваме несаканите реакции анализирани во период од 10 години.

## РЕЗУЛТАТИ

Во изминатите 10 години во Дневната трансфузиолошка болница трансфундирани се 3579 еритроцитни концентрати. Во истиот период 6 (0,16%) несакани реакции се регистрирани во Дневната трансфузиолошка болница. Несаканите реакции беа: алергиски 4 (0,11%) и нехемолитични фебрилни реакции 2 (0.05%). Тешки рани пострансфузиски реакции и одложени - долгорочни реакции не беа регистрирани.

## ЗАКЛУЧОК

Во анализираниот период не беше регистрирана тешка несакана реакција и покрај природата и тежината на трансфундираните болни. За одбележување е фактот што постои добра соработка и корелација меѓу клиничките доктори трансфузиолози и нивното богато клиничко искуство во добрата клиничка трансфузиска практика.